Врз основа на член 19 став (6) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НОРМАТИВОТ, ОПИСОТ НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ И РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ ЗА ОБРАЗОВНИОТ И ЛИЧНИОТ АСИСТЕНТ

### Член 1

Во Правилникот за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент во основните училишта бр. 18-13724/2 од 02.12.2020 година, членот 3 се менува и гласи:

„Образовен асистент може да биде лице кое се стекнало со звање:

- специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, психолог, социјален работник, социјален и рехабилитациски педагог, со завршено образование VII/1 степен т.е. VI А според македонската рамка на квалификации МРК или 240 ЕКТС, како и лице кое што ги исполнува условите за наставник во одделенска настава (VII/1 степен т.е. VI А според МРК или 240 ЕКТС), односно наставник во предметна настава (VII/1 степен т.е. VI А според МРК или 240 ЕКТС).

Личен асистент може да биде лице:

- со завршено четврто ниво на квалификации според Македонската рамка на квалификации (МРК);
- со завршено трето ниво на квалификации според Македонската рамка на квалификации (МРК).

Доколку на огласот за вработување не се јави лице кое е со образование согласно став 2 алинеја 1 на овој член, личен асистент може да биде и лице со завршено образование од став 2 алинеја 2.

Лицата избрани како образовни или лични асистенти посетуваат задолжителна обука за образовни односно лични асистенти согласно програмата за обука утврдена од министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието, спроведена од училиштето со ресурсен центар.“

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 18-8691/1
8.6.2021 година
Скопје

**Министер за образование и наука,**
**Мила Царовска с.р.**